# ПРЕПОРАКА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ВЕЌЕ ПОБАРАНИ/ДАДЕНИ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР НА ВЕБ ЛОКАЦИИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ

За добра практика се смета кога имателите на информации со објавување на своите веб локации ги прават достапни до сите граѓани информациите кои од нив биле побарани, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

На овој начин, на граѓаните им се олеснува пристапот до информациите од јавен карактер, бидејќи до бараните информации можат да дојдат на побрз и поекономичен начин со помалку губење време и со помалку трошење на финансиски средства.

Исто така, со овој начин на веќе објавени, побарани/дадени информации се очекува да се намали бројот на барањата за слободен пристап, а со тоа и обврската на имателите на информации да постапуваат по истите.